Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ” бр. 58/00 и 44/02) и член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ” бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по изборниот предмет *нашата татковина* за VI одделение на основното осумгодишно образование, односно за VII, VIII или IX одделение за деветгодишното основно образование

НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# НАШАТА ТАТКОВИНА

ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ

ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2008 година

## 1. ВОВЕД

Предметот *нашата татковина* е изборен предмет за учениците во VII, VIII или IX одделение на деветгодишното основно училиште. Со наставната програма се поставени основните цели кои се однесуваат за развивање на интересот на учениците за систематизирање и проширување на знаењата за минатото и сегашноста на Република Македонија. Исто така, се систематизирани целите, содржините и активностите за запознавање на културно-историските знаменитости, националните паркови и природни богатства на нашата татковина. Притоа, посебно се нагласува потребата за користење на материјални извори од археолошките, етнолошките и историските музеи, музејот на современа уметност, градските музеи, природонаучните музеи, како и за користење извори за истражување на културата и традициите на македонскиот народ и на припадниците на другите заедници во Република Македонија. Програмата со конкретните цели и содржини и наставните методи и активности ќе придонесе учениците да се поттикнуваат да организираат свои истражувачки активности за запознавање на нашите национални паркови и другите природни реткости со што уште повеќе ќе се проширува интересот кај нив за запознавање на нашата татковина.

Со наставниот план за основното училиште за предметот *нашата татковина* се предвидени 2 наставни часа неделно, односно 72 наставни часа годишно.

**ЗАБЕЛЕШКА:**

**Согласно динамиката за воведување на девтгодишното основно воспитание и образование наставната програма за учениците во VI одделение на осумгодишното основно училиште од учебната 2008/09 година е еквивалентна на наставната програма за VII, VIII или IX одделение на деветгодишното осдновно училиште.**

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VII, VIII или IX ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ ученичката:

- да се поттикнува да го цени историското и културното наследство на Република Македонија;
- да ги систематизира и проширува знаењата за основните периоди во создавањето на македонската држава;
- да открива како е организирана државата Република Македонија;
- да ги осознава основните функции на главениот град на нашата татковина;
- да го осознава значењето на културно-историските споменици, достигањата во културата и уметноста и да покажува интерес за нивната заштита;
- да ги збогатува знаењата за улогата и одржувањето на нашите национални паркови и природните реткости и да покажува интерес за нивната заштита;
- да се оспособува да користи и обработува податоци и информации од различни извори: музеи, археолошки локалитети, споменици и спомен куќи, библиотеки, театри и сл.;
- да се поттикнува да посетува и да соработува со различни институции за размена на информации во истражувањата, како и со учениците од другите училишта;
- да се оспособува да го збогатува и промовира знаењето за нашата татковина;
- да развива чувство на патриотизам кон татковината;
- да развива почит кон сите културни традиции и народи што живеаат во Република Македонија.

**3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ**

| Тема: Од минатото на Македонија | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ ученичката:<br><br>- да се запознае со клучните датуми во развојот на Македонија од праисторијата до денес;<br>да ги систематизира знаењата за Македонија од праисторијата до денес; | - Хронолошки преглед за минатото и создавањето на македонската држава | - Праисторија (извори)<br>- Антички период (Филип II , Александар Велики)<br>- Среден век<br>- Османски период<br>- Букурешки мировен договор<br>- АСНОМ<br>- Југословенска федерација<br>- Современа македонска држава (8 Септември 1991) ). | - Прибирање на материјали фотографии на предмети, историски карти, атласи, документи и сл. за минатото на Македонија;<br>- собирање и средување на стари фотографии на градби и архитектура од минатото на Македонија;<br>- посети на културно-историски споменици, археолошки наоѓалишта, музеи и слично;<br>- користење на други извори преку посети на библиотеки, разговор со познати личности кои ни сведочат за минатото |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | на Македонија;<br>- избор и подредување на собраните текстови, фотографии за предмети и градби од минатото и изработка на хронолошка лента за историскиот развој на нашата татковина;<br>- подготвување на изработениот материјал за темата „Од минатото на Македонија” за објавување на веб-страница на основното училиште. |

| Тема: Како е организирана нашата држава и нејзините институции | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ ученичката:<br><br>- да се запознава како е организирана нашата држава на локално ниво;<br>- да сознава како се формира Собранието на Република Македонија и кои се неговите основни функции;<br>- да се запознае како се избира претседател на Република Македонија и кои се неговите надлежности;<br>- да знае како се формира Владата на Република Македонија и кои се нејзините надлежности;<br>- да ги знае основните надлежности на | - Организација на локалната и државната власт во Република Македонија | - политички партии избори<br>- локална власт<br>- Општина, месна самоуправа<br>- Градоначалник<br>- Централна власт<br>- Пратеник<br>- Претседател<br>- Влада на Република Македонија<br>- Премиер<br>- Судство<br>- Јавно обвинителство<br>- Народен правобранител<br>- Уставен суд | - Шематски приказ на организацијата на локалната и централната власт во РМ;<br>- Прибирање на текстови и други материјали за организацијата на локалната и централната власт;<br>- Симулација на изборен процес;<br>- надлежности;<br>- како е организирано судството.<br>- Разговори на тема: Што работи народниот правобранител.<br>- Разговори со личности чија работа е поврзана со организацијата на државата (пратени-ци, градоначалник, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| судството и јавното обвинителство;<br>- да знае што работи народниот правобранител и Уставниот суд;<br>- да се запознае во кои меѓународни организации членува РМ;<br>- да се запознае со неколку меѓународни претставништва во РМ (амбасади Светска здравствена организација, УНЕСКО, УНИЦЕФ и др.). | - Членувањето на Република Македонија во меѓународните организации ООН, ЕУ, НАТО и др.<br><br>- Меѓународни претставништава во РМ | Мегународни организации (ООН, ЕУ, НАТО)<br><br>амбасада | членови на советот на општината и др.)<br><br>- Разговори со претставници на ЕУ, НАТО и други организации во нашата татковина.<br><br>- Посета на претставништва на меѓународни организации во нашата татковина.<br>- Подготвување и објавување на изработениот материјал на веб- страницата на училиштето. |

| Тема: Главниот град на нашата татковина - Скопје | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ ученичката:<br>- да се поттикнува да го прошири знаењето за настанувањето на градот Скопје;<br>- да ги запознава основните административни функции во главниот град;<br>- да се запознае со значјаните датуми од историјата на главниот град (Скупи, Јустинијана И, пожарот на Пиколомини, поплави, земјотреси, обновување и развој)<br>- да запознава значајни ископини, тврдини и други градби од материјалната култура на градот; | - Историскиот развој на Скопје од античко време до денес<br>- Скопје - главен административен, политички и културен центар на нашата татковина<br>- Развојот и моденизацијата на Скопје по земјотресот од 1963 година<br>- Културно-историски знаменитости на градот<br>- Други позначајни институции во градот. | - Главен град<br>- Културно-историските знаменитости на градот Скопје: ископините во Скупи, Калето, стариот аквадукт, Старата скопска чаршија, Каменииот мост на Вардар, средновековниот манастир Свети Пантелејмон, саркофагот на македонскиот револуционер Гоце Делчев, манастирот Свети Андреја во Матка, Мустафа-пашината џамија, Даут-пашиниот амам (денес уметничка галерија), Сули-ан, Капан-ан и други<br>- Музеи и галерии<br>- Музеј на Македонија (етнолошки, | - Собирање на стари текстови, фотографии за градби и предмети, разгледници, планови, историски карти и други материјали од историјата на градот Скопје.<br>- запознавање со некои значајни документи ( на пр. документот за прогласувањето на Скопје за главен град на Република Македонија);<br>- Пронаоѓање на текстови, фотографии и други извори за развојот на градот како административен, политички, културен и стопански центар во нашата татковина и пошироко.<br>- Разговори со познати |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се запознава со значењето на гласвниот град како културен центар на државата;<br>- да се запознава со други институции во главниот град на нашата татковина. | | археолошки и историски поставки)<br>- Музеј на град Скопје<br>- Музеј на современа уметност,<br>- Национална галерија – Даут-пашин амам<br>- Театри:<br>Македонски народен театар,<br>Драмски театар<br>Македонска опера и балет<br>Македонска филхармонија<br>Албански театар<br>Турски театар<br>Театар за деца и млади<br>- Градски кина.<br>- Други институции:<br>- МАНУ<br>- Универзитетска библиотека<br>- пошти, банки, болници, трговски центри, факултети, институти, амбасади, странски културни центри и др. | личности од градот.<br>- Пронаоѓање и систематизирање на фотографии, разгледници и текстови за културно-историските знаменитости во градот:<br>- Прибирање на текст-ови за културното наследство и достига-њата на современата македонска уметност: посета на Музејот на Македонија и Музејот на град Скопје.<br>- Собирање на матери-јали за Скопје како културен центар:<br>- Користење на комп-јутрска технологија и Инернет.<br>- Презентација на под-готвените материјали за главниот град на нашата татковина на веб -страницата на училиштето. |

| Тема: Културно-историските знаменитости во нашата татковина | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ ученичката:<br><br>- да се поттикне да го сознава значењето на културно-историските знаменитости во Република Македонија;<br>- да се поттикне да собира и да обработува текстови, фотографии и други извори за значајни личности во минатото и денес;<br>- да се поттикне да разгледува и обработува различни извори за културно-историските знаменитости во Македонија. | - Културно историски споменици<br>- цркви, манастири, џамии, спомен-куќи и др.<br>- Градски музеи<br>- Позначајни театри и библиотеки во Македонија<br>- Значајни личности | - **Културно-историски споменици:** Хераклеја, Спомен соба на Кемал Ататурк, Стоби, Античкиот театар (Охрид), Маркови кули (Прилеп), Феудални знаменитости (Кратово), Штипското кале – Исар, Астрономска опсерваторија Кокино, Крушевска куќа, Македониум, Мечкин Камен, Охридска куќа (куќата на Робевци), Теракотни икони (Виница), Вардарски рид (Гевгелија), Спомен музеј Пелинце, спомен куќата на Димитар и Константин Миладинови. | - Собирање на текстови, фотографии и сл. за културно-историските знаменитости во нашатат татковина.<br>- Изработка на текстови со фотографии и други документи за спомениците, за нивното настанување, историјат, односно на што се посветени.<br>- Разговори со стручни лица за културно-историските споменици.<br>- Подготвување презентации за најпознатите цркви, манастири, џамии, стари спомен-куќи.<br>- Собирање на стари легенди, приказни, шеги, обичаи и слично.<br>- Подготвување на целокупниот текст за оваа тема и објавување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - **Религиозни објекти:** манастир Свети Јован Бигорски, Манастир Свети Јоаким Осоговски, манастир Свети Наум, Свети Пантелејмон – Плаошник, црквата Света Софија, Свети Јован – Канео, манастирот Трескавец, манастирот Свети Ѓорѓи (Курбиново), Ранохристијански базилики во Радолишта, Октиси и Калиште, манастирот Водоча, , Шарена џамија (Тетово), Арабати-баба теќе манастирот Свети Атанасие - Лешок, и др.<br>- З**начајни манифетсации**: Вевчански карнавал, Галичка свадба, Струшки вечери на поезијата, Ечи песна (Струга), Струмичкиот карневал, Мал битолски Монмартр | на веб-страницата на училиштето.<br>- Размена на текстови и информации со ученици од други училишта. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - **Институции:**<br>- Театри (Битола, Прилеп, Куманово, Штип, Тетово и др).<br>- Градски библиотеки и др. културни институции.<br>- Уметничката галерија (Тетово),<br>- Легенди, приказни, шеги, верувања, обичаи. | |

| Тема: Национални паркови и природни богатства | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ ученичката:<br>- да се запознае со местоположбата на националните паркови во Македонија;<br>- да го сознава значењето на националните паркови;<br>- да се поттикне да истражува за националните паркови: климатски одлики, ретки видови на растенија и животни и грижата за нив;<br>- да се поттикне да ја истражува улогата на националните паркови за развивање на туризмот;<br>- да се запознава со значењето на другите природни реткости (езера, | - Национални паркови во Македонија<br>- Природни реткости и заштитени зони<br>- Предели со посебни природни карактеристики<br>- Ретки видови на растенија и животни во Република Македонија | - Национални паркови: Галичица, Пелистер, Маврово.<br>- Природни реткости и заштитени зони: Јасен, Преспанското Езеро (северен дел) Охридско езеро,, Дојранско Езеро, Шар Планина, Катлановско, Моноспитовско Блато.<br>- Предели со посебни природни каактеристики: Липково, Жеден, Крушево, Мариово Берово и др.<br>- Карактеристични растенија:<br>- Молика<br><br>- Карактеристични животни:<br>- Охридска пастрамка<br>- јагула<br>- Белвица | - Истражување: зошто и кога се прогласени националните паркови и за другите одлики: релјеф, клима, хидрографија, растителен и животински свет, блиски населби и населеност, посетители и грижа за одржување на националните паркови.<br>- Разгледување на ЦД и фотографии и други публикации за националните паркови.<br>- Прибирање на фотографии за ретките видови растенија и животни во пределите на националните паркови и заштитените зони.<br>- Разговор со стручни лица за националните паркови и природните реткости и заштитените зони.<br>- Изработка на листа на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| пештери, понорници и др.);<br>- да се запознава со местоположбата на природните реткости и заштитените зони во нашата татковина;<br>- да прибира показатели за растителниот и животински свет во националните паркови и природните резервати;<br>- да умее да ги препознава ретките растителни и животински видови;<br>- да се запознава со начините за заштита на природната средина. | | - Охридски сунѓер<br>- Корморани<br>- Рис<br>- Лебед<br>- Чапљи<br>- Шарпланинец | податоци за ретките видови растенија и животи во пределите на трите национални паркови.<br>- Посета на национален парк или природна реткост, заштитена зона.<br>- Презентација на подготвените материјали на веб-страница на училиштето.<br>- Размена на прибраните материјали со учениците од другите училишта.<br>- Разговори со стручни лица за грижата и одржувањето на националните паркови и за можноста за развивање на туристичко-рекреативни зони и екотуризам. |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Со наставната програма е дадено ориентационо планирање на наставните часови по наставни теми, и тоа:

- тема „Од минатото на Македонија” - 5 часа;
- тема „Како е организирана нашата држава и нејзините иституции” – 10 часа;
- тема „Главниот град на нашата татковина – Скопје” – 15 часа;
- тема „Културно-историските знаменитости во нашата татковина” – 22 часа;
- тема „Национални паркови и природни богатства” – 15 часа.

Сепак, наставникот треба самостојно да го планира фондот на часовите по наставни теми според темпото на напредувањето на учениците во истражувањето на секоја тема и изготвувањето и објавувањето на материјалите на веб-страницата на основното училиште.
Освен тоа, наставникот треба да предвиди од 5 до 6 наставни часа на крајот на наставната година за целосно обликување и уредување на подготвените текстови, фотографии, документи и други извори за наставните теми во една целина за објавување на веб-страницата на основното училиште. Корисно е учениците да ги презентираат резултатите од истражувањата и пред учениците на нивното основно училиште.

Се препорачува за успешно планирање и организирање на наставата да се издаде прирачник за наставниците,. Во прирачникот ќе бидат наведени основните извори за секоја наставна тема и методите што ќе можат да ги користат учениците и наставниците во истражувањата за запознавање на нашата татковина. Притоа ќе се наведат и наслови на енциклопедии, речници, списанија, атласи, карти, Интернет страници, образовни софтвери и сл.

Со тоа се овозможува автентично планирање на наставата од страна на наставниците и учениците во основните училишта и постојана размена на резултатите од истражувањата на учениците кои ќе се вклучат во изучувањето на овој наставен предмет.

За секоја целина или наставна тема во прирачникот ќе биде наведена литературата што ќе можат да ја користат наставниците и учениците за своите истражувања. Основна замисла е учениците од различните краишта и градови на Република Македонија своите истражувачки активности за наведените теми да ги направат достапни за учениците во нашата татковина. Така, секоја група на учениците во основните училишта ќе создава база на податоци коишто меѓусебно ќе ги разменуваат и дополнуваат учениците во своите истражувања во рамките на темите што се предвидени во наставната програма.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

- Следење на постигањата на учениците

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се средуваат показателите за нивните активности, мотивираноста за прибирање разни извори за истражувањата на секоја од наставните теми и содржини, обработка на прибраната литература: текстови, записи, фотографии, планови, карти и сл., пишување текстови и извештаи од истражувањата. Посебно се следи соработката на ученикот со другите ученици во групата.

Следењето и оценувањето на постигањата на учениците е составен дел на планирањето на наставата и истражувачките активности на учениците, со што се подразбира и организирањето на нивната работа во помали тимови / групи, презентација на резултатите од истражувањата и пишување за завршните текстови за секоја содржина на наставните теми.

Исто така, треба да се следи и вреднува активноста на ученикот во секоја тема за подготвувањето на материјалите и нивното објавување на веб-страницата на училиштето.

Во текот на наставната година учениците кои ќе го изберат овој предмет се оценуват со бројчана оценка која има влијание на нивниот успех.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со Решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по предметот *нашата татковина* во VII, VIII или IX одделение на деветгодишното основно училиште, односно во VI, VII или VIII одделение на осумгодишното основно образование, може да ја изведува лице кое завршило високо образование на студиските групи – историја, етнологија или географија;

## 8. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот / ученичката:

- ги разликува основните периоди од минатото и создавањето на македонската држава;
- знае како е создадена современа самостојна Република Македонија;
- знае како е организирана современа Република Македонија: на локално и централно ниво, (општина, градоначланик, Совет на општина, Собрание на Република Македонија, претседател на Република Македонија, Влада на Република Македонија, судство, народен правобранител, Уставен суд); ги знае основните функции на главниот град на Република Македонија (административен, политички и културен центар);
- ги познава основните културно-историски знаменитости во главниот град;
- ги знае националните институции од областа на културата и уметноста и нивната улога;
- го знае значењето на културно-историските споменици и кој е одговорен за нивната заштита;
- ги знае националните паркови во Македонија и заштитените зони, нивното значење и кој е одоворен за нивната заштита;
- познава меѓународни институции и организациии во кои членува РМ (на пр. ООН. СЗО, УНИЦЕФ и др);
- познава меѓународни институции и претставништва во РМ.

## 9. НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ЈА ИЗГОТВИ РАБОТНАТА ГРУПА

1. проф. д-р. Никола Жежов, Институт за историја, Филозофски факултет – Скопје
2. Игор Јуруков, наставник во ОУ „Петар Поп Арсов: – Скопје
3. Снежана Стефанова, професор во Гимназијата „Никола Карев" – Скопје
4. Сашо Серафимовски, наставник во ОУ „Јан Амос Коменски" – Скопје
5. Светлана Брашнарска, советник, Биро за развој на образованието
6. Ивица Гиевски, советник, Биро за развој на образованието
7. м-р Таше Стојановски, координатор, Биро за развој на образованието

## 10. РЕШЕНИЕ И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по нашата татковина за шесто одделение на основното осумгодишно образование, односно за седмо, осмо или девето одделение на основното деветгодишно образование ја донесе

Министер

_________________

**Сулејман Рушити**

на ден __________________